# ХИДРОМАЛ ЕЛАСТИФИКАТОР

*Полимерна емулзија за подобрување на еластичноста на хидроизолации и цементни малтери.*

## ОБЛАСТ НА ПРИМЕНА

Адитив за подобрување на еластичноста на цементни малтери.Во комбинација со Хидромал (како Б компонента) наменет е за изведба на двокомпонентна хидроизолација на цементна основа кај објекти изложени на позитивен и негативен хидростатски притисок кај подземни бетонски конструкции, за изведба на внатрешна и надворешна хидроиозолација , подрумски ѕидни и подни површини, базени, канали, шахти, санитарни јазли, кујни и сл.

## ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

| СВОЈСТВО | МЕТОД | ДЕКЛАРИРАНА ВРЕДНОСТ |
|---|---|---|
| Изглед | - | бела течност |
| Густина | - | 0.95 -1.05 g/cm³ |
| Содржина на хлориди | - | нема |
| Содржина на алкалии | - | нема |
| pH фактор | - | 7.0 - 9.0 |

## МЕТОДОЛОГИЈА ЗА РАБОТА:

## ПОДГОТОВКА НА ПОДЛОГАТА:

На здрава, чиста, цврста подлога без пукнатини и лабилни делови ,постоечки премази, маснотии и прашина , изработена од цементен малтер или бетон. Пред нанесување на хидроизолацијата, потребно е на подлогата да се аплицира прајмер од Хидромал и Хидромал Еластификатор.

<u>За подготовка на прајмер :</u>
Хидромал : Хидромал Еластификатор : вода = 25 : 5 : (2.25 – 3.25)

<u>За подготовка на хидроизолационен премаз :</u>
Хидромал : Хидромал Еластификатор : вода = 25 : 5 : (2.8 – 3.50)

Смесата се меша со бавен мешач до потполно воедначување, по што се остава да мирува 5-10 минути. Пред нанесувањето повторно се замешува.
Нанесувањето е во три слоја со четка, со вкупна дебелина на слоевите до 1 mm. Нанесувањето на секој следен слој на потполно сув претходен слој. Временскиот период помеѓу слоевите треба да биде 6-24 часа во зависност од температурата. Температурата при нанесување од + 10 °C до 30 °C.

## ПОТРОШУВАЧКА

Вкупна потрошувачка за три наноси : 2 - 3 kg/m $^2$
Хидромал : 2.5 kg
Хидромал Еластификатор : 0.5 kg

ХИДРОИЗОЛАЦИИ



ADING
АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Р. Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk
www.ading.com.mk

## ПАКУВАЊЕ

Пластично шише: 1.0 kg
Пластична канта : 5.0 kg

## СКЛАДИРАЊЕ

Во оригинална, затворена амбалажа, во суви простории на температура од 5°C до 35°C, заштитен од мрзнење и директна изложеност на сонце.
Рок на употреба 12 месеци.



Опасност по здравјето: Хидромал Еластификатор не содржи токсични материи, но и покрај тоа потребно да се внимава материјалот да не дојде во контакт со кожата, очите или да се проголта. Во случај на контакт со кожа или со очите, потребно е веднаш плакнење со чиста проточна вода. Доколку се проголта, потребно е да се побара медицинска помош. Дополнителни информации се дадени во Безбедносниот лист на производот.
Пожар: Хидромал Еластификатор е незапалива течност. Дополнителни информации се дадени во Безбедносниот лист на производот.
Чистење и депонирање: Неврзани остатоци од Хидромал Еластификатор се чистат со вода. Старата искористена амбалажа потребно е да се депонира според локалните прописи и регулативи за тој тип на отпад. Дополнителни информации се дадени во Безбедносниот лист на производот.



ADING

АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Р. Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk